# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА К...
БР. 08-1529/4
27.07. 2020 ГОД.
КОЧАНИ

| **ИНСТИТУЦИЈА:** |
| --- |
| Општина Кочани |

# М Е М О Р А Н Д У М

| **НАСЛОВ:** (како што е во придружното писмо) |
| --- |
| **Информација за негативните влијанија на планираната мала хидроелектрична централа на Мала Река и потребата од запирање на нејзината изведба** |

**ПОТПИС:** **Николчо Илијевв**

(Градоначалник на општина Кочани)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ

Кочани,
24.07.2020 година

# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


**1.Осврт по материјалот:**

Информацијата се изготвува заради запознавање на Влада на Република Северна Македонија со активностите на Општина Кочани околу негативните влијанија на планираната мала хидроелектрична централа на Мала Река и потребата од запирање на нејзината изведба.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**

Информацијата е доставена преку системот Е-Влада до:

Министерство за финансии
Министерство за животна средина и просторно планирање
Заменик на Претседателот на Влада на РСМ задолжен за економски прашања
Секретаријат за законодавство
Министертсво за економија сектор туризам
Агенција за развој и поддршка на туризмот

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

Во процедура

**4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош:**

| | |
|---|---|
| | НЕ |

**Дали е донесена одлука на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста на државната помош:**

| | |
|---|---|
| | НЕ |

**5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог)**

| | |
|---|---|
| | НЕ |

**6. Усогласеност со преземените обврски од ратификуваните меѓународни договори:**

Ќе се придонесе за унапредување на имплементација на Конвенција за биолошка разновидност, Натура 2000 еколошката мрежа, Директивата за птици, Бернската Конвенција, Европската Директива за живеалишта. и др.

**7. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Усвојување на Информацијата за негативните влијанија на планираната мала хидроелектрична централа на Мала Река и потребата од запирање на нејзината изведба.
Да се направи проценка за компензацијата што треба да се исплати на концесионерот.
Да се подготви информација за потребата од еднострен раскин на договорот за концесија за малата хидроелектрична централа на Мала Река и да се достави на Владата за понатамошно постапување.

**8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Нема

**9. Очекувани влијанија:**

На Мала Река е планирана изградба на мала хидроелектрична централа. Оваа река е притока на хидроакумулацијата Градче, од која се наводнуваат земјоделски површини во општина Кочани. Со изградбата на малата хидроелектрана, може да се влоши хидролошката состојба и де се загрози земјоделството. Пределот на Мала Река, што може да се уништи, за општината претставува огромен потенцијал за развој на екотуризмот. Инвеститорот / концесионерот е во финална фаза на обезбедување на дозволите. Општина Кочани треба да издаде дозвола за градба. Општината се противи на изградбата и бара да

Општина Кочани
Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

| | |
|---|---|
| се исцрпат сите можности таа да се спречи. | |
| **10.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:** | |
| | НЕ |
| **11.Оценка на Министерството за информатичко општество и администрација по материјалот:** | |
| | НЕ |
| **12. Клучни информации за информирање на јавноста:** | |
| Општина Кочани е решена да ја спречи изградбата на планираната мала хидроелектрична централа на мала Река, која е притока на вештачката акумулација Градче и чиј што предел има голема вредност и претставува потенцијал за развој на туризмот, за што е подготвена да ја информира јавноста. | |